Архивски број:_08- 61/1 ______

11-01-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-529 од 07.10.2022 година, поднесена од [redacted] со место на живеење [redacted] Скопје против Фонд за здравствено осигурување со седиште на ул. „Македонија" бр. 5, Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.01.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со бр. 08-529 од 07.10.2022 година, поднесена од [redacted] против Фонд за здравствено осигурување **поради неуредност**.

### Образложение

На 07.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на подносителот [redacted] против Фонд за здравствено осигурување.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 17.10.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката со бр. 08-529/2. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го наведе основот по кој е извршената дискриминацијата, областа во која е извршена дискриминацијата како и компаратор за споредба за извршената дискриминација.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk